Бр. 08-355/8
03.03.2020 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 28-та седница одржана на ден 29.02.2020 година донесе

***Одлука***

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно надлежно постапување на ДКСК по предметот број 08-5285/1 од 19.11.2019 година, оформен по сопствена иницијатива, за утврдување на прекршување на одредбата од член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019).

Предметот со број 08-5285/1 од 19.11.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето, во деперсонализирана форма.

***Образложение***

Предметот број 08-5285/1 од 19.11.2019 година е оформен по сопствена иницијатива од ДКСК а произлегува од постапувањето на ДКСК по предмет од областа на судирот на интереси за лицата ___________________________.

ДКСК, по прибавување на податоци и документација од општина Могила и по увидот во својата евиденција утврди дека лицето _______________ во законски предвидениот рок по престанок на функцијата директор на _________________ не поднело анкетен лист, додека лицето _________________ не поднело анкетен лист во законски предвидениот рок по престанок на функцијата ВД директор на ____________________________.

Врз основа на член 114 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ДКСК на именуваните лица им издаде и достави прекршочни платни налози.

Од страна на именуваните лице е постапено по платните налози односно е платена половина на глобата изречена со прекршочните платни налози.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: Адем Чучуљ, советник
Одобрил: Катица Николовска., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**